**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Број 1403-547/7**

**Скопје, 27.10.2006 година**

**ДО**

**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ЕДИНИЦАТА**
**НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ДЕБАР**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на општина Дебар за 2005 година, кои се прикажани на страните од 5 до 6.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Дебар за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- Имер Ологу, Градоначалник на општина Дебар, до 29.03.2005 година, и
- Аргетим Фида, Градоначалник на општина Дебар од 30.03. 2005 до 31.12.2005 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 4 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е извршена во периодот од 06.07. до 11.07.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2005 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Неправилна примена на сметководствените политики и начела**

10.1.1. Поради блокада на жиро сметката на Буџетот на општина Дебар, во текот на 2005 година, остварувањето на приходите е пренасочено на сметката на Органот што е спротивно на одредбите на Законот за буџетите. Поради неправилна примена на претходно споменатиот закон се јавува остварување на приходи на сметката на Органот, а не на сметката на Буџетот, кое доведува до нереални финансиски извештаи и кај Органот и кај Буџетот на општина Дебар.
**Препорака:**
Градоначалникот како одговорно лице за извршување на Буџетот е должен да овозможи извршување на Буџетот согласно законските одредби.

**10.2. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите**

10.2.1. Во врска со наплатата на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати, ревизијата утврди дека обврските не се измируваат редовно во рокови утврдени со договорите, а од надлежните во општината не се превземаат соодветни мерки за наплата. Надлежните служби не обезбедуваат гаранција односно инструменти за обезбедување на плаќањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште при наплата на рати. Поради тоа што плаќањето на ратите не се врши во роковите утврдени со договорот, на 31.12.2005 година по основ на побарувања за надомест за уредување на градежно земјиште се јавува вкупен доспеан ненаплатен долг во износ од 5.423 илјади денари.
Со ваквиот начин на непреземање на мерки за наплата на доспеаните побарувања директно се влијае на висината на остварените приходи по овој основ.
**Препорака:**
- Да се превземат соодветни мерки и да се интензивираат активностите во делот на наплатата на надоместокот по основ на уредување на градежно земјиште со цел остварување на планираните приходи и почитување на договорените рокови за плаќање на комуналиите;
- Да се обезбедат инструменти како гаранција на побарувањата кои се плаќаат на рати.

10.2.2. Ставките Приходи и Расходи, во Билансот на приходи и расходи се потценети за износ од 42,293 илјади денари, поради реализираните договори по основ на цесии, асигнации, компензации и наплати во готово, по основ на комуналии, такса за улично јавно осветлување и СИП програмата. Овие трансакции не се спроведени преку

сметката на Буџетот ниту се евидентирани во сметководствената евиденција што е спротивно на одредбите на член 18 од Законот за сметководство.

**Препорака:**

При примена на формите на плаќање како што се цесии, компензации и асигнации истите да се спроведуваат преку трезорскиот систем кај сметката на буџетот и органот како не би се нарушил принципот на парично искажување на промените во сметководствената евиденција.

**10.3. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојбата**

10.3.1. Позицијата Побарувања е потценета за износ од 8,538 илјади денари и за истиот износ е потценета состојбата на Пасивните временски разграничувања во Билансот на состојба, поради не евидентирање на побарувањата по повеќе основи кое е спротивно на одредбите на Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и тоа:

- неевидентираните побарувања по основ надомест за уредување на градежно земјиште - комуналии во износ од 8.352 илјади денари, и
- неевидентираните побарувања по основ комунална такса за користење на деловен простор во износ од186 илјади денари.

Поради блокада на сметката на Буџетот побарувањата по овие основи се евидентирани во сметководствената евиденција на сметката на Органот.

**Препорака:**

Надлежните служби да обезбедат евиденција на побарувањата согласно законските прописи.

10.3.2. Позицијата краткорочни обврски е преценета за износ од 2,173 илјади денари и за истиот износ е преценета состојбата на Активните временски разграничувања поради евидентирање на обврски по судски решенија спрема правни и физички лица по разни основи спротивно на Законот за сметководство. Причина за оваа состојба е тоа што судските решенија дадени се за наплата на сметката на Буџетот, истото придонесува за нереални финансиски извештаи.

**Препорака:**

Обврските по било кој основ треба да се извршуваат преку сметката на Органот на општината.

10.3.3. Не се евидентирани побарувања по основ на данок на имот кој се плаќа за недвижен имот и по основ на комунална такса за истакната фирма. Не евидентирањето на побарувањата не е во согласност со одредбите на Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници. Причина за ваквата состојба е тоа што документацијата и податоци за овој вид на побарувања до превземањето на овие надлежности од локалната самоуправа се водат во Управата за јавни приходи и од таму не се пренесени во евиденцијата на општина Дебар. Како резултат на тоа е немање на состојба на износите на ненаплатени и наплатени побарувања по овие основи.

**Препорака:**

Надлежните органи во општина Дебар потребно е да воведат евиденција за овој вид на побарувања со цел да ја следат нивната состојба и да превземаат соодветни мерки за наплата на побарувањата по овој основ.

11. Вкупниот ефект од наодите во точка 10.3. е потценување на билансните позиции во Билансот на состојбата за 2005 година во износ од за 6,365 илјади денари.

12. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката од 10.2. и 10.3., финансиските извештаи не ја претставуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Дебар на 31 Декември 2005 година и

резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 10.2. кај Буџетот на општина Дебар не е остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат расходи на единиците на локалната самоуправа, за 2005 година.

**Скопје, 23 .10. 2006 година**

**Буџет на ЕЛС ДЕБАР 2005**
**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2005**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3.1. | 5,238 | 2,747 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 832 | 1 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 8,999 | 3,188 |
| **Вкупно приходи** | | **15,069** | **5,936** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.4.1. | 4,357 | 0 |
| Стоки и услуги | 3.4.2. | 1,213 | 547 |
| Тековни трансфери до единиците на локална самоуправа | 3.4.3 | 1,190 | 5,181 |
| Субвенции и трансфери | 3.4.4. | 4,294 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **11,054** | **5,728** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Купување на капитални средства | 3.5.1. | 3,653 | 0 |
| **Вкупно расходи** | | **14,707** | **5,728** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **362** | **208** |

**Буџет на ЕЛС ДЕБАР**
**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2005 | 2004 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 362 | 208 |
| Побарувања | 4.1.2. | 45 | 0 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 2,173 | 0 |
| **Вкупно тековни средства** | | **2,580** | **208** |
| **Вкупна актива** | | **2,580** | **208** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 2,173 | 0 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.2. | 407 | 208 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **2,580** | **208** |
| **Вкупна пасива** | | **2,580** | **208** |